Архивски број: 08-61/1
11-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-704/1 од 19.09.2023 година поднесена од Сојуз на здруженија на дијабетичари на Република Северна Македонија, против Министерство за здравство на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на социјална сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на здравствена состојба во областа на социјална сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија кон граѓани – пациенти, членови на здруженија на дијабетичари, обединети во Сојуз на здруженија на дијабетичари на РСМ – како подносител на претставката.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-704/1 од 19.09.2023 година, од Сојуз на здруженија на дијабетичари на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа социјална сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, а кон граѓани - пациенти, членови на здруженија на дијабетичари, обединети во Сојузот.

Согласно наводите од претставката, Сојузот на здруженија на дијабетичари ги обединува локалните здруженија на лица со дијагноза ДИЈАБЕТЕС тип 1 и тип 2 на територија на Република Северна Македонија. Пациентите-членови на локалното здружение подолг период се соочувале со сериозен проблем кој се рефлектирал врз нивното здравје, односно се соочувале со немање на глукомери и ленти за контролирање на гликемиски вредности во крвта и системи за континуирано мерење на гликемија за деца и млади до 18 години. Обврската за редовна набавка на глукомери


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

и ленти е исклучиво на Министерството за здравство со средства на Буџетот на Република Северна Македонија, а преку спроведување на тендерски постапки за набавка во двегодишни програми.
Во претставката подносителот наведува дека претходната тендерска набавка била со важност до 31.12.2022 година, следната требало да се распише два месеци однапред, а до тоа не дошло од причини кои за пациентите се непознати, се доцнело до месец април па од тие причини пациентите со дијабетес биле оставени без неопходните глукомери и ленти од 01.01.2023 година па се до месец септември 2023 година. Поради ова според подносителот на овие пациенти им е повредено правото на здравствена заштита, а предизвикана им била и материјална штета бидејќи овие пациенти ги обезбедувале односно купувале потребните средства со сопствени финансии.
На крајот се наведува дека до поднесувањето на претставката наведениот проблем не бил надминат.

Со оглед на наведеното, Комисијата на ден 24.10.2023 година до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, испрати Барање за произнесување по наводите во претставката заведено под архивски број 08-704/3, а на 06.12.2023 година до Комисијата пристигна произнесување Бр. 10-8784/2 од 17.11.2023 година, од страна на Министерството за здравство како одговор на Барањето, заведен под архивски број 08-704/5.

Во произнесувањето е наведено дека во системот на здравствена заштита сите се еднакви, па согласно член 16 од Закон за здравствена заштита на сите граѓани им се обезбедува остварување на загарантираните права со овој закон, утврдените потреби и интереси, а согласно алинеја 10 "обезбедување на цитостатици, инсулин и хормон за раст " и алинеја 11 " мерки и активности утврдени со посебни програми ".
Понатаму во произнесувањето се наведува дека, секоја година Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство донесува програми за реализација на мерките и активностите, а една од тие програми е "Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење на шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија", со која за пациентите со утврдена дијагноза Diabetes mellitus се обезбедува најсовремената опрема за следење и регулирање на шеќерот кај овие пациенти.
Притоа, истакнато е дека за делот од Програмата кој се однесува на лентите за мерење на шеќер, јавната набавка е завршена со Договор бр. 20-3050/42 од 21.07.2023 година врз основа на кој се набавени 11.000.000 ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес тип 1 и 23.000.000 ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес тип 2.
Согласно Договорот за јавна набавка, носителот на набавката бил должен лентите за мерење на гликемија да бидат со рок на траење не пократок од 12 месеци, исто така е должен за секој пациент кој е на инсулинска терапија да обезбеди глукометар за мерење на гликемија компатибилен со лентите кои се предмет на набавката.
Приближно, според Договорот, потребно е да се обезбедат глукометри за околу 4500 пациенти со Дијабетес тип 1 и околу 39.500 за пациенти со Дијабет тип 2. Должност на

носителот на набавката е испораката на глукометрите да ја изврши сукцесивно во рок од 6 месеци.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и произнесувањата по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија врз граѓани – пациенти, членови на здруженија на дијабетичари, обединети во Сојуз на здруженија на дијабетичари на РСМ – како подносител на претставката, врз основа на здравствена состојба во областа на социјална сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."* Наведеното со оглед да на сите пациенти со констатирана дијагноза Дијабет тип 1 и Дијабет тип 2, под еднакви услови и на еднаква основа им се овозможува пристап, односно им се обезбедува терапија и средства за следење на ниво на гликемија во крвта, а врз основа на склучен Договор за јавна набавка од 21.07.2023 година помеѓу Министерство за здравство на Република Северна Македонија и избран понудувач.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
11.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
[illegible]њко Бејзароски

Доставено до:
- Сојуз на здруженија на дијабетичари на РСМ, ул. „Невена Ѓоргиева Дуња" бр.6-1/3, Велес
- Министерство за здравство на РСМ, ул. „50та Дивизија" бр.14, Скопје
- Архива на КСЗД